# УПАТСТВО

## за веб-сервисот на Народната банка за курсната листа и курсевите за државните органи

За автоматско преземање на курсната листа од интернет-страницата на Народната банка на Република Македонија е достапен веб-сервис со кој ќе можат да ги преземаат податоците во формат „хмл“ (xml) на следнава адреса:

https://www.nbrm.mk/klservice/kurs.asmx

Веб-сервисот располага со четири методи. Првите два се однесуваат на курсната листа, а останатите два на курсеви на НБРМ при вршење на платениот промет со странство за потребите на државните органи.

Курсна листа:

**GetExchangeRate**

**GetExchangeRateD**

Курсеви на НБРМ при вршење платен промет со странство за потребите на државните органи:

**GetExchangeRates**

**GetExchangeRatesD**

При повикување на веб-методите: **GetExchangeRate** и **GetExchangeRateD** се добива идентичен резултат: курсната листа на Народната банка на Република Македонија. Единствената разлика помеѓу нив е податочниот тип на параметрите коишто им се проследуваат:

1. **GetExchangeRate** прима два параметра: StartDate и EndDate. И двата параметра треба да бидат во формат на низа {String} и да презентираат валиден датум во облик: dd.MM.yyyy (Пример: StartDate=1.2.2010; EndDate=15.02.2010)

2. **GetExchangeRateD** прима два параметра: StartDate и EndDate. И двата параметра треба да бидат во формат на датум (Date) и да презентираат валиден датум. (Пример: StartDate=12-feb-2010; EndDate=15-feb-2010)

Како резултат на повикувањето на веб-методите **GetExchangeRate** и **GetExchangeRateD** се добива курсна листа, која се состои од следниве полиња:

1. Поле: **RBr** вид податоци: **double - „Реден број на курсната листа"**
2. Поле: **Datum** вид податоци: **dateTime - „Датум на важење на курсната листа"**
3. Поле: **Valuta** вид податоци: **double - „Шифра на валутата"**
4. Поле: **Oznaka** вид податоци: **string - „Ознака на валутата"**
5. Поле: **Drzava** вид податоци: **string - „Назив на државата - македонски"**
6. Поле: **Nomin** вид податоци: **double - „Единици валута"**
7. Поле: **Sreden** вид податоци: **double - „Среден курс во денари"**
8. Поле: **DrzavaAng** вид податоци: **string - „Назив на државата - англиски"**
9. Поле: **DrzavaAl** вид податоци: **string - „Назив на државата - албански"**
10. Поле: **NazivMak** вид податоци: **string - „Назив на валутата - македонски"**
11. Поле: **NazivAng** вид податоци: **string - „Назив на валутата - англиски"**
12. Поле: **ValutaNaziv_AL** вид податоци: **string - „Назив на валутата - албански "**
13. Поле: **Datum_f** вид податоци: **double - „Датум на формирање на курсната листа"**

При повикување на веб-методите: **GetExchangeRates** и **GetExchangeRatesD** се враќа идентичен резултат: курсевите на Народната банка при вршење на платен промет со странство за потребите на државните органи. Единствената разлика помеѓу нив е податочниот тип на параметрите коишто им се проследуваат:

3. **GetExchangeRates** кој прима два параметра: StartDate и EndDate. И двата параметра треба да бидат во формат на низа (String) и да презентираат валиден датум во облик: dd.MM.yyyy (Пример: StartDate=01.02.2010; EndDate=15.02.2010)

4. **GetExchangeRatesD** кој прима два параметра: StartDate и EndDate.

   И двата параметра треба да бидат во формат на датум (Date) и да презентираат валиден датум. (Пример: StartDate=12-feb-2010; EndDate=15-feb-2010)

При повикување на веб-методите **GetExchangeRates** и **GetExchangeRatesD,** како резултат се добива курсна листа, која се состои од следниве полиња:

1. Поле: **RBr** вид податоци: **double - „Реден број на курсната листа"**

2. Поле: **Datum** вид податоци: **dateTime - „Датум на важење на курсната листа"**
3. Поле: **Valuta** вид податоци: **double - „Шифра на валутата"**
4. Поле: **Oznaka** вид податоци: **string - „Ознака на валутата"**
5. Поле: **Drzava** вид податоци: **string - „Назив на државата - македонски"**
6. Поле: **Nomin** вид податоци: **double - „Единици валута"**
7. Поле: **Kupoven** вид податоци: **double - „Куповен курс во денари"**
8. Поле: **Sreden** вид податоци: **double - „Среден курс во денари"**
9. Поле: **Prodazen** вид податоци: **double - „Продажен курс во денари"**
10. Поле: **DrzavaAng** вид податоци: **string - „Назив на државата - англиски"**
11. Поле: **DrzavaAl** вид податоци: **string - „Назив на државата - албански"**
12. Поле: **NazivMak** вид податоци: **string - „Назив на валутата - македонски"**
13. Поле: **NazivAng** вид податоци: **string - „Назив на валутата - англиски"**
14. Поле: **ValutaNaziv_AL** вид податоци: **string - „Назив на валутата - албански "**
15. Поле: **Datum_f** вид податоци: **double - „Датум на формирање на курсната листа"**

Доколку се потребни повеќе технички информации за користење на овие методи, ве молиме контактирајте со одговорните лица во Народната банка преку Центарот за ИТ-услуги на следниот телефон: 02/3108555.